СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д<br>29.12.2005<br>БРОЈ 11 ГОДИНА 40** | |


# С О Д Р Ж И Н А


**1.** Одлука за донесување ДУП за дел од ПЦГП Охрид урбан модул 2 и урбан модул 4, 2005 - 2010 **2**

**2.** Одлука за донесување ДУП за дел од 2-ра УЕ МЗ-4 Долна Влашка Маала урбан модул од 1-11, 2005 - 2010 **4**

**3.** Одлука за донесување ДУП за дел од 6-та УЕ, урбан модул 1 Охрид, 2005 - 2010 **5**

**4.** Одлука за утврдување на стапката на данок на имот **7**

**5.** Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид за 2006 година **8**

**6.** Заклучок **9**

**7.** Одлука за измена и дополнување на Буџетот на општина Охрид за 2005 година **9**

**8.** Одлука за донесување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година **12**

**9.** Одлука за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година **16**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ**
**ДУП ЗА ДЕЛ ОД ПЦГП ОХРИД,**
**УРБАН МОДУЛ 2 И УРБАН МОДУЛ 4, 2004 - 2014**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување ДУП за дел од ПЦГП Охрид, урбан модул 2 и урбан модул 4, 2005 - 2010, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/2**
**29.12.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02) и член 80 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.51/05) и член 42 став 1 точка 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 27.12.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ПОШИРОКО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ - ОХРИД,**
**УРБАН МОДУЛ 2 И УРБАН МОДУЛ 4, 2005 - 2010**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од пошироко централно градско подрачје - Охрид, урбан модул 2 и урбан модул 4, 2005 - 2010.

**Член 2**

Со овој Детален урбанистички план се опфаќа простор во површина од 8,41ха.
Граници на опфатениот простор се улиците:
- „Македонски Просветители„ - од запад;
- „Партизанска„ - од југ;
- „Кузман Јосифоски„ и новопроектираната улица „119„ - од исток;
- „Даме Груев„ - од север;

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со технички број 229/2003 изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН - ПУМА Скопје, содржи:

Графички приказ со билансни показатели:
- синтезен приказ
- синтезен приказ - инфраструктурни системи

Текстуален дел
- просторен концепт, билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02).

**Член 4**

ДУП со сите негови делови се чува, следи и реализира во Секторот за урбанистичко планирање и заштита на животна средина на општина Охрид.

**Член 5**

ДУП се заверува со печат на Советот на општина Охрид и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 3087/2**
**27.12.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД 2-РА УРБАНА ЕДИНИЦА МЗ-4, ДОЛНА ВЛАШКА МААЛА УРБАН МОДУЛ 1-11, 2002 - 2010 И ДУП ЗА ДЕЛ ОД 2-РА УЕ МЗ-10 ЦЕНТАР, ДЕЛ ОХРИД УРБАН МОДУЛ 12, 2005 - 2010

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на ДУП за дел од 2-ра урбана единица МЗ-4, Долна влашка маала урбан модул 1-11, 2005-2010 и ДУП за дел од 2-ра УЕ МЗ-10 Центар, дел Охрид урбан модул 12, 2005 2010, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/3**
**29.12.2005 год.**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**

**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02) и член 80 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.51/05) и член 42 став 1 точка 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 27.12.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД 2-РА УРБАНА ЕДИНИЦА МЗ-4, ДОЛНА ВЛАШКА МААЛА УРБАН МОДУЛ 1-11, 2002 - 2010 И ДУП ЗА ДЕЛ ОД 2-РА УЕ МЗ-10 ЦЕНТАР, ДЕЛ ОХРИД УРБАН МОДУЛ 12, 2005 - 2010

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од 2-ра УЕ МЗ-4 Долна Влашка Маала - Охрид, урбан модул од 1 до 11, 2005 - 2010 и ДУП за дел од 2-ра УЕ, МЗ 10 Центар дел Охрид, урбан модул 12, 2005 - 2010.

**Член 2**

Со овој ДУП се опфаќа простор во површина од 26,00ха.

Граници на опфатениот простор се улиците: од југоисток “АСНОМ“, од североисток “Туристичка“, од северозапад “Јане Сандански“ и урбан модул 12 од улицата “Ванчо Николески“ спрема Езеро и од југ улицата “Кеј Маршал Тито“.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со технички број 10/2005 изработен од „Полог проект ПРО„ ДОО Гостивар како и технички број 17/2005 изработен од „Урбан„ ДОО - Охрид, содржи:

Графички приказ со билансни показатели:

- синтезен приказ
- синтезен приказ - инфраструктурни системи

Текстуален дел

- просторен концепт, билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02).

**Член 4**

ДУП со сите негови делови се чува и следи во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој на општина Охрид.

**Член 5**

ДУП се заверува со печат на Советот на општина Охрид и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 3087/3**
**27.12.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД 6-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА, УРБАН БЛОК 1 2005 - 2010

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на ДУП за дел од 6-та урбана единица, урбан блок 1, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/3**
**29.12.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02) и член 42 став 1 точка 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 27.12.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД 6-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА, УРБАН БЛОК 1, ОХРИД 2005 - 2010

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од 6-та урбана единица, урбан блок 1 -Охрид, 2005 - 2010.

**Член 2**

Со овој ДУП се опфаќа просторот со површина од 3,5ха.

Граници на урбаниот блок се улицата „Јане Сандански„ од југоисток, кракот на улицата „Јане Сандански„ од југозапад, новопроектираните улици 1 и 2 и дел од улицата „Даме Груев„ од северозапад и улицата „Карпош Војвода„ од североисток.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со технички број 235/2003 изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН - ПУМА Скопје, содржи:

Графички приказ со билансни показатели:
- синтезен приказ
- синтезен приказ - инфраструктурни системи

Текстуален дел
- просторен концепт, билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02).

**Член 4**

ДУП со сите негови делови се чува и следи во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој на општина Охрид.

**Член 5**

ДУП се заверува со печат на Советот на општина Охрид и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 3087/4**
**27.12.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ДАНОКОТ НА ИМОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на стапката на данокот на имот, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/5**
**29.12.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 6 од Законот за данок на имот (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) како и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 27.12.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ДАНОК НА ИМОТ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува стапката на данок на имот.

**Член 2**

Стапката на данок на имот изнесува 0,15%.

**Член 3**

Обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице, сопственик на имотот.

Обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице корисник на имотот, во случај кога сопственикот не е познат или не е достапен.

Обврзник на данокот на имот може да биде и плодоуживателот на имотот согласно законот.

Ако имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данокот на имот сразмерно на сопственичкиот дел.

Обврзник на данокот на имот е и правно и физичко лице - корисник на недвижен имот во сопственост на општината и државата.

**Член 4**

Даночната обврска за данокот на имот настанува со денот на стекнување на имотот, издавањето на одобрение за употреба на недвижниот имот од надлежен орган или од денот на отпошнување на користење на имотот на обврзникот на данок.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 3087/5**
**27.12.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид за 2006 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/6**
**29.12.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 43 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Се усвојува Програмата за работа на ЈП„Охридски Комуналец„Охрид за 2006г

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 3087/6**
**27.12.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-3087/7**

**ОПШТИНА ОХРИД**

**29.12.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 43 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Охрид и општинската администрација во разумен рок да изготват проекција и менаџмент на сообраќајот во Охрид и да ја поднесат до Советот на општина Охрид.

**Број 07- 3087/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.12.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Охрид за 2005 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 43 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.3/96) и член 2 и 3 од Законот за буџетите (*Сл.весник на РМ* бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 35/01, 93/01 и 46/02), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2005 ГОДИНА**

**Член 1**

***I ПРИХОДЕН ДЕЛ***

Во Буџетот на Општината Охрид за 2005 година се вршат следните измени на распоредот на средствата во приходниот дел:

* се вршат **зголемувања** во следните позиции:

1. Во ставките:
    - **713311 - Данок на промет на недвижности и права**, износот 37.350.000 денари се заменува со износ од 30.000.000 денари.
    - **717116 - Комунална такса за користење улично осветление**, износот 12.115.000 денари се заменува со износ 12.580.000 денари.
    - **717138 - Надоместоци од комунална дејност**, износот 893.661 денари се заменува со износ 1.210.000 денари.
    - **722316 - Други локални такси**, износот 1.200.000 денари се заменува со износ 1.380.000 денари.
    - **741115 - Дотации приходи од ДДВ**, износот 9.350.000 денари се заменува со износ 9.755.317 денари.
    - **741111 - Трансфери од други нивоа на власт**, износот 5.941.487,50 денари се додава.

* се вршат **намалувања** во следните позиции:

- **741113 - Трансфери од буџетот на фондови**, износот 11.306.000 денари се заменува со износ 1.347.856,50 денари.

## *II ТРОШКОВЕН ДЕЛ*

Во Буџетот на Општината Охрид за 2005 година се вршат следните измени на распоредот на средствата во посебниот, расходен дел:

* се вршат следните **зголемувања:**

**- Програма Ј4 - Јавна чистота, се вршат следните зголемувања:**

1. Потставка 424590 - Одржување на други зелени површини, износот 1.000.000 се заменува со износ 1.827.061 денари.

**- Програма Ј6 - Одржување на локални патишта и улици, се вршат следните намалувања:**

2. Потставка 424320 - Одржување на автопати, патишта, улици и др., износот 11.040.000 се заменува со износот 16.000.000 денари.

**- Програма ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување, се вршат следните зголемувања:**

3. Потставка 482930 - Реконструкција на други објекти, износот 2.000.000 се заменува со износ од 3.705.223 денари.

* се вршат следните **намалувања:**

**- Програма Ј3 - Јавно осветление, се вршат следните намалувања:**

4. Потставка 424120 - Поправка и сервисирање на товарни возила, износот 100.000 денари се брише.

**- Програма ЈА - Изградба на јавно осветление, се вршат следните намалувања:**

5. Потставка 482920 - Изградба на други објекти, износот 2.200.000 денари, се заменува со износ 1.300.000 денари и потставка 482830 - Реконструкција на капацитети во енергетика, износот 919.700 денари се заменува со износ 719.700 денари.

**- Програма ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта, се вршат следните намалувања:**

6. Потставка 482920 - Изградба на други објекти, износот од 6.500.000 денари, се заменува со износ 6.350.000 денари и потставка 482930 - Реконструкција на други објекти, износот 4.700.000 денари се заменува со износ од 4.200.000 денари.

**- Програма ЈЕ - Изградба на простор за паркирање, се вршат следните намалувања:**

7. Потставка 482920 - Изградба на други објекти, износот од 800.000 денари, се заменува со износ 571.839 денари.

**- Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација, се вршат следните намалувања:**

8. Потставка 483290 - Купување на друга опрема, износот 950.000 денари, се заменува со износ 400.000 денари.

**- Програма ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување, се вршат следните намалувања:**

9. Потставка 482730 - Реконструкција на системи за водоснабдување, износот 3.300.000 денари, се заменува со износ 1.900.000 денари.

**- Програма ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, се вршат следните намалувања:**

10. Потставка 482320 - Изградба на пречистителсни станици и колектори, износот 11.700.000 денари, се заменува со износ 10.385.877 денари.

**- Програма Н1 - Основно образование, се вршат следните намалувања:**

11. Потставка 421240 - Течни горива, износот 1.099.816 денари, се заменува со износ 199.816 денари.

**- Програма Н2 - Средно образование, се вршат следните зголемувања:**

12. Потставка 421240 - Течни горива, износот 1.500.000 денари, се заменува со износ 250.000 денари.

**Член 2**

Советот на општина Охрид ја овластува стручната служба да ги изврши сите неопходни усогласувања на приходните и расходните ставки во буџетот на Општина Охрид заклучно со 31.12.2005 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 3087/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**27.12.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на Буџетот на Општина Охрид за 2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

***БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА***

***ВОВЕД***

Со цел да се подготви ефикасен буџет за соодветна календарска година, ЕЛС мора добро да го испланира и спроведе целиот буџетски процес, односно да ги опфати следните фази:

- поставување на основни цели на општината, поаѓајќи од потребите на граѓаните;
- анализа и проценка на приходите и расходите;
- согледување на извршување на буџетот во претходната година, висината на неизмирените обврски, како и недоволно планираните расходи.

Општина Охрид, во текот на изготвување на буџетот изврши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси, определени со законската регулатива. Сопствените ресурси заедно со приходите од персоналниот данок, дел од ДДВ, износот на наменските дотации, како и очекуваните капитални донации, ја формираат вкупната маса на приходи на општината, кои и стојат на располагање за решавање на активностите, надлежностите и проблемите во буџетската година.

Активностите на општината, преку класифицирани, искажани расходи, опфатени во соодветните програми во буџетот.

Ваквиот начин на балансираност помеѓу расходниот и приходниот дел искажан во соодветни програми овозможува зголемени ефекти од аспект на транспарентност на работење на општината, ефикасност во прибирање на средства, подобро планирање, точна евиденција на јавните давачки и можност за финансирање на приоритетите.

При процесот на буџетирање особено при проектирање на приходниот и расходниот дел во целост се вклопени со свои планови и општинските буџетски корисници од образованието, противпожарната единица и детските градинки. Нивните активности опфатени се во посебни програми во расходниот дел. Новина во буџетскиот концепт претставуваат приходите од самофинансирачки активности. Во овие приходи опфатени се приходите на општинските буџетски корисници (училишта, детски градинки), остварени по основ приходи од уписи, приходи од партиципација, испити, издавање на дипломи, потврди, сместувања и слично.

Во процесот на изготвување на буџетот на Општина Охрид во 2006 година земени се во предвид макро економските индикатори за развој на општината во наредните години.

## *ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ*

Според член 2 од Законот за буџетите, буџетот на ЕЛС претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџет на донации и буџет на самофинансирачки активности.

Приходите на Единиците на локална самоуправа се утврдени со Законот за финансирање на ЕЛС, според кој се остваруваат приходи од следните извори на финансирање:

- ***Сопствени извори на приходи*** (опфатени во колоната буџет), а остварени врз основа на наплата на локални даноци, локални такси, локални надоместоци, приходи по основ сопственост.

- ***Приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите на РМ*** (опфатени во колоната буџет), средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери.

- ***Приходи по основ наменски дотации за ППЕ, превоз на ученици, средно и основно образование и детски градинки***. Наведените приходи опфатени се во колоната приходи од наменски дотации и изнесуваат 30.142.180,00 денари или поединечно по активности

- за финансирање на детска заштита 3.493.983,00 денари
- за финансирање на територијални противпожарни единици 6.835.776,00 денари
- за финансирање на превоз на ученици 3.438.060,00 денари
- за финансирање на основно образование 11.019.950,00 денари
- за финансирање на средно образование 5.354.411,00 денари

Средствата се префрлаат од трезор на сметката на Општина.

- ***Приходи на училиштата, детските градинки за вршење редовна дејност, опфатени во колоната приходи од самофинансирачки активности.***

- ***Приходи по основ на капитални донации, опфатени во колоната приходи од донации.***

## *СОДРЖИНА И ПРОГРАМИ НА БУЏЕТОТ*

Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел.

Општиот дел на буџетот на општината содржи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи
- функционална класификација на расходите
- биланс на тековно оперативни приходи и расходи
- биланс на капитални приходи и расходи

Посебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесени од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Вкупните приходи на општина Охрид, предвидени за 2006 година, изнесуваат **247.431.400** денари. Проекцијата е направена согласно Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа и согледаните активности и потреби на општина Охрид.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, групирани се во соодветни програми. Буџетот на општина Охрид ги содржи следните Програми:

| | | |
|---|---|---|
| А0 | Совет на Општина | 9.643.960,00 |
| D0 | Градоначалник | 2.965.000,00 |
| Е0 | Општинска администрација | 28.594.500,00 |
| F1 | Урбанистичко планирање | 1.500.000,00 |
| ФА | Уредување на гр.земјиште (капитални трошоци) | 11.085.940,00 |
| Г2 | Поттикнување и развој на туризмот | 2.786.000,00 |
| Ј0 | Одржување на урбана опрема | 200.000,00 |
| Ј3 | Јавно осветлување | 12.265.000,00 |
| Ј4 | Јавна чистота | 2.350.000,00 |
| Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици | 6.670.000,00 |
| Ј7 | Одржување и користење на паркови и зеленило | 1.000.000,00 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 900.000,00 |
| ЈА | Изградба на јавно осветлување | 7.310.000,00 |
| JD | Изградба и реконструкција на локални патишта | 50.000.000,00 |
| JF | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.500.000,00 |
| JG | Изградба на системи за водоснабдување | 8.100.000,00 |
| JI | Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води | 16.000.000,00 |
| ЈН | Урбана опрема (капитални расходи) | 300.000,00 |
| Л0 | Спорт и рекреација | 1.000.000,00 |
| М1 | Детски градинки | 10.864.703,00 |
| N1 | Основно образование | 31.766.450,00 |
| N2 | Средно образование | 27.140.411,00 |
| N3 | Превоз на ученици од основно образование | 3.438.060,00 |
| Њ0 | Противпожарна заштита | 8.060.376,00 |

Секоја програма и потпрограма е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите.

Поблиска распределба по корисници и намена дадена е во Посебниот дел на буџетот.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 од Статутот на ЕЛС Охрид (*Сл.гласник на ЕЛС Охрид* бр.2/02), Советот на ЕЛС Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година, донесе

***Б У Џ Е Т***
**на ЕЛС Охрид за 2006 година**

**Член 1**

Буџетот на ЕЛС Охрид за 2006 година се состои од:

| | |
|---|---|
| **Вкупни приходи** | **247.431.400 денари** |
| и тоа: | |
| **- тековно оперативни расходи** | **180.386.000 денари** |
| **- наменски дотации** | **30.142.180 денари** |
| **- приходи од самофинансирачки активности** | **34.142.180 денари** |
| **- приходи од донации** | **2.000.000 денари** |
| **Вкупни расходи** | **247.431.400 денари** |
| и тоа: | |
| **- утврдени намени** | **247.081.400 денари** |
| **- резерви** | **350.000 денари** |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени се утврдени во Билансот на приходите и расходите на ЕЛС Охрид за 2006 година.

**Член 3**

Буџетот на Општина Охрид за 2006 година влегува во сила со денот на објавување во *Сл.гласник на општина Охрид*, а ќе се применува од 01.01.2006 година до 31.12.2006 година.

**Број 07- 3087/9**
**27.12.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Охрид за 2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година.

**Број 08-3087/10**
**29.12.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04 и 96/04) и член 42 од Статутот на општината Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Буџетот на општината Охрид за 2006 година (во понатамошниот текст Буџетот) се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации, Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници нед можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Прераспределбата на утврдените средства меѓу трошковните ставки до износ од 100.000,00 денари, по трошковна ставка се врши со Решение на Градоначалникот.

По исклучок, буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства на овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за: избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 40,10 денари.

**Член 10**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км. од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

**Член 11**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) ќе се исплатува согласно законската регулатива.

**Член 12**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 13**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 14**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од **100 EUR** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

**Член 16**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 17**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 18**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 19**

Буџетот на општина Охрид се извршува од 01.01.2006 до 31.12.2006 година.

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*, а ќе се применува од 01 јануари 2006 година.

**Број 07- 3087/10**
**29.12.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**